25250

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
10. Juni 1979, 11630/11

## ОД ЛИКОВНИТЕ САЛОНИ

# Три графички манифестации

**• Кон јубилејот на ДЛУМ со групна поставовка и двете самостојни изложби кои ја застапуваат графичката уметничка дисциплина**

АКО СЕ ЗЕМЕ ПРЕДВИД фактот дека имав можност да посетиме три графички изложби од кои едната има републички карактер со прослава на скромниот јубилеј (десет години од постоењето на изложбите на ДЛУМ), како и две самостојни изложби: на Барутовски и Малиданов, тогаш, секако со право можеме да заклучиме дека графичката дисциплина во нашата Република сè повеќе го добива своето вистинско место и целосна афирмација.

Анализирајќи ги и констатирајќи ги првите појави и обиди на графичката дисциплина, можеме да евидентираме главно инцидентни појави кај нашите современи уметници како што се: Никола Мартиновски, Василие Поповиќ — Цицо, Борка Лазески, Димче Протугер, Ристо Лозановски и други. Иако 1955 година се смета како извесна пресвртница и година на поголема графичка активност и присутност, сепак графиката и тогаш беше само придружна дејност на уметниците, кои веќе се афирмираа во сликарството или скулптурата. Меѓутоа, оваа генерација ги покажа големите можности и потребите на графичката дисциплина во нашето современо живеење, што пак доведе до поголемо интересирање, па и до првите уметници кои својата уметничка персоналност ја изразуваа исклучително преку графичкиот медиум. Само по себе се разбира дека нивните технички можности беа повеќе отколку скромни, што резултираше веќе со инцидентна застапеност на графиката во современата македонска уметност. Со појавата и со сè поголемата афирмација на графиката на нашите ликовни центри, па и на југословенската графика надвор од нашите државни граници, дојде до извесна реафирмација на оваа дисциплина и рамноправен третман во ликовниот израз. Сосема е разбирливо дека новите технички можности одиграа пресудна улога во овој развој.

Во ОВОЈ МОМЕНТ може да се констатира квалитетното присуство на младите, кои без ни малку претерување, даваат тон и директно влијаат врз општото ниво на изложбата. Пред сè, станува збор за најмладите графичари: Трајче Димчевски, Билјана Унковска, Виолета Чауле, Ѓорги Чулаковски, Жарко Јакимовски и др. Меѓутоа, на оваа изложба не би смееле да го запоставиме местото и улогата што ја даваат уметниците од средната генерација, како што се: Димитар Кондовски, Петар Хаџибошков, Вангел Наумовски и Ѓоко Крстевски. Сепак, суштината на оваа изложба ја сочинуваат младите уметници (од првата и втората генерација), кои веќе се потврдија и го најдоа своето препознавачко стилско и содржинско определување во графиката или во некоја друга ликовна дисциплина. Во оваа, условно речено групација, можат да се издвојат: Драган Поповски — Дада, Ранко Струменковски, Томислав Крмов, Нове Франговски, Драган Бисков, Душан Перчинков, Доне Миљановски, Симон Шемов, Ана Темкова, Насо Бекаровски, Данчо Ордев, Тане Атанасовски — Гарски, Александар Ивановски — Карадаре, Киро Гегоски, Ацо Филиповски, Владимир Георгиевски, Павле Кузмановски, Ангел Гавровски, Васил Костов и други.

Поради ограниченоста на просторот, не сме во можност подетално да ги анализираме изложените дела и нивните автори со стилските и техничките преокупации и можности. Меѓутоа, евидентно е дека графичкиот прилог на Трајче Димчевски, Симон Шемов, Билјана Унковска, Жарко Јакимовски, доминираа со својата графичка компактност и навестуваат една нова димензија, развој и релација на македонската графичка уметност. Извонредниот и исцрпен предговор со библиографија на Љупка Дамјановска, може да послужи како пример за сите други изложби.

ВО ГАЛЕРИЈАТА на Центарот за култура и информации е отворена самостојна изложба на графики и слики на Божин Барутовски. Иако Барутовски ѝ е познат на нашата уметност како уметник (графичар) со ангажирана тематика повеќе од 20 години, всушност, не можеме да бидеме задоволни со оваа презентација.

Ако се потсетиме на неговиот поранешен графички третман со силна драматика во контрастот на светло-темното и на една речиси шематизирана фигура, која стана позната во нашата ликовна средина, тогаш секако не може да се оправда сегашната постапка на наметнување на таа фигурација во други идеи и содржини. На поранешните излагања, Барутовски навести воведување на нови тонови, т. е. на бои што беше и разбирливо, со оглед на неговото повеќегодишно занимавање и истражување на графичкиот медиум. Меѓутоа, неговата фигуративна концепција и организација на просторот, т. е. на графичкиот лист, остана речиси иста, па затоа формалната измена на тематиката останува под видно влијание на ангажираното сиже.

ПОКРАЈ ГРАФИКИТЕ, Барутовски излага и десет слики под заедничко име „Тешкото". И за овие слики е карактеристичен истиот тематски третман, но со сосема друга материјализација, со нагласени пластични ефекти и со фигуративен фриз. Со колористичка неусогласеност, со морбидноста на пластичен впечаток и со исклучително лоша анималистичка асоцијативност во сликарството, Барутовски покажува дека овде се работи за таканаречениот сликарски конфликт. Значи, се работи за очигледен пример кога средствата не ја оправдуваат целта, и кога уметникот, се чини, заборавил на ликовниот прогрес, и на средината во која живее и уметнички се докажува.

Со графичката изложба во Салонот на ДЛУМ, Димитар Малиданов го покажува својот најнов графички пресек и стилска ориентација. Веднаш може да се каже дека Малиданов го бара својот графички израз речиси во класичните техники: во акватинга, литографија и во комбинираната техника, за разлика од уметниците кои денес се изразуваат со актуелната техника на сито-печатот. Затоа, неговите листови добиваат една нова релација: сериозност, графички експеримент и просторност, што во целина не делува како едно компактно стилско единство. Во разгледувањето на графичкиот дел на Димитар Малиданов, може да се насетат циклуси кои се плод на споменатото истражување. Меѓутоа, тие циклуси не би смееле да се ограничат само со поимот истражување, станува збор за присутноста на емотивна состојба, на доживувањата и битниот простор во кој создава и во кој се движи. Неговото стилско определување се движи од асоцијативна фигурација, па преку геометриски знак и симбол, до речиси надреалистичките визии на Магритовското јаболко. Сепак, овие стилски карактеристики не треба да се сфатат како јасно одвоени стилски концепции; речиси во сите случаи се работи за нивна синтеза и за барање на медитативен симбол и порака.

ВО КОНСТРУКЦИИТЕ на мотивите може да се забележи извесна тврдост во обработката, т. е. во предметната корелација, во проткајувањето и стилизацијата.

Димитар Малиданов ѝ припаѓа на младата генерација македонски уметници, кои ја негуваат графичката дисциплина со сето свое уметничко чувство, и можеби ѝ дава првенство без оглед што се занимава и со сликарство. Во овој случај, може да се истакне дека Малиданов ги применува и ги надградува тие свои сликарски искуства во графичката уметност, со посебен сензибилитет и со чувство на простор.

**Богдан МУСОВИЌ**